Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02), член 91 став 11 и член 92-а став 12 од Законот за средното образование(Службен весник на РМ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/17 и 64/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА СОУ„КОЛЕ НЕХТЕНИН" ШТИП

1. За директор на СОУ„Коле Нехтенин" – Штип **се избира ДЕЈАН ПАВЛОВ** - дипломиран професор по математика.

2. Директорот – **Дејан Павлов** се избира врз основа на предлогот на Училишниот одбор на СОУ„Коле Нехтенин" Штип број 02-444/2 од 18.07.2018 година.

3. Директорот ќе ја врши функцијата директор сметано од 06.08.2018 година. Мандатот на директорот трае 4 (четири) години со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

## О б р а з л о ж е н и е

Со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02) е утврдено дека градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Согласно член 91 став 11 од Законот за средното образование (Службен весник на РМ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14) директорот на општинско средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон.

Согласно член 92-а став 12 од истиот закон, градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот на Училишниот одбор врши избор на директор.

До Општина Штип доставен е предлог на Училишниот одбор на СОУ„Коле Нехтенин“ Штип број 02-444/2 од 18.07.2018 година за избор на Дејан Павлов за директор на училиштето.

Имајки го предвид напред наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09 - 2903/5
03.08.2018 година
Штип

м.к.

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски